Датум:

23.02.2015

**О Д Л У К А**

**На Комисијата за жалби при Совет за етика во медиумите на Македонија, по Жалбата на Владимир Вангелов за текстот со наслов "ФОТО: Владимир Вангелов, "дете" за сите протести на СДСМ", објавен на 22.12.2014 година на веб порталот – Курир.**

**Ж А Л Б А Т А Е О С Н О В А Н А**

Кодексот на новинарите на Македонија е прекршен во Членовите 1, 10 и 13.

Член 1.

*"Новинарот има право на слободен пристап до сите извори на информирање што се од јавен интерес. Новинарот треба да објавува точни, проверени информации и нема да прикрица суштински податоци и да фалсификува документи. До колку информацијата не може да се потврди, или станува збор за претпоставка, односно шпекулација, тоа треба да се каже и да се објави. Точноста на информацијата треба да се провери колку што е тоа можно"*

Член 10.

*"Новинарот нема свесно да создава ниту да преработува информации што ги загрозуваат човековите права или слободи, нема да говори со јазикот на омразата и нема да поттикнува на насилство и дискриминација врз која бил основа (национална, верска, расна, полова, социјална, јазична, сексуална ориентација, политичка...)"*

Член 13.

*"Новинарот треба да прави разлика меѓу фактите и мислењата, меѓу веста и коментарот."*

Комисијата за жалби констатираше дека во текстот, станува збор за нарушување на трите члена од Кодексот на новинарите на Македонија. Конкретно нарушување на начелата дека изборот на фактите мора да обезбеди објективна информација и согледување на сите значајни аспекти на темата за која се говори. Медиумот и новинарот не треба да објавуваат материјал (информација, слика, мислење, коменат), кој има за цел да шири непријателство или омраза, или ако постои голема веројатност дека објавениот материјал ќе предизвика непријателство или омраза спрема некого поради неговата раса, етничка припадност, пол, вера, политичка припадност, сексуална ориентација, физички недостаток итн. Исто така, новинарите имаат право на свое мислење, став и вредносен суд, но не смеат сопственото мислење да го камуфлираат како факти.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

До канцеларијата на Советот за етика во медиумите на Македонија на ден 22.12.2014 година, лицето Владимир Вангелов поднесе Жалба за текстот со наслов "ФОТО: Владимир Вангелов, "дете" за сите протести на СДСМ", објавен на интернет порталот Курир на 22.12.2014 година. Жалителот наведува дека со овој текст врз него е сторена дискриминација и кон Жалбата приложи активен линк од оспорениот текст.

Канцеларијата на Советот за етика во медиумите на Македонија веднаш по приемот на Жалбата согласно член 12 од Деловникот на Комисијата за жалби истата ја препрати до интернет порталот Курир со барање истите да се произнесат по однос на наводите од Жалбата. До седницата на Комисијата за жалби при СЕММ порталот Курир воопшто не достави одговор на наводите на жалителот.

На седницата на 23.02.2015 година, Комисијата за жалби ги разгледа наводите на жалителот Владимир Вангелов и направи увид во наведениот текст.

Комисијата за жалби најде дека Жалбата по однос на текстот е ОСНОВАНА.

Согласно член 1 од Кодексот на новинарите на Македонија, новинарот има право на слободен пристап до сите извори на информирање што се од јавен интерес. Новинарот треба да објавува точни, проверени информации и нема да прикрица суштински податоци и да фалсификува документи. Доколку информацијата не може да се потврди, или станува збор за претпоставка, односно шпекулација, тоа треба да се каже и да се објави. Точноста на информацијата треба да се провери колку што е тоа можно

Согласно член 10 од Кодексот, новинарот нема свесно да создава ниту да преработува информации што ги загрозуваат човековите права или слободи, нема да говори со јазикот на омразата и нема да поттикнува на насилство и дискриминација врз која бил основа (национална, верска, расна, полова, социјална, јазична, сексуална ориентација, политичка...)

Согласно член 13 од Кодексот, новинарот треба да прави разлика меѓу фактите и мислењата, меѓу веста и коментарот.

Комисијата за жалби најде дека објавениот текст “ФОТО: Владимир Вангелов, “дете” за сите протести на СДСМ” не е во интерес на јавноста и дека изборот на фактите не обезбедува објективна информација и согледување на сите значајни аспекти на темата за која се говори, со што се прекршува член 1 од Кодексот на новинарите на Македонија.

Понатаму, Комисијата констатира дека спротивно на член 10 од Кодексот, медиумот објавува материјали (информација, слика, мислење, коментар) кој има за цел да шири непријателство и омраза, или ако постои голема веројатност дека објавениот материјал ќе предизвика непријателство или омраза спрема некого поради неговата раса, етничка припадност, пол, вера, политичка припадност, сексуална ориентација, физички недостаток итн.

Исто така, Комисијата најде дека во конкретниот текст не се прави разлика меѓу факт и мислење, меѓу вест и коментар. Точно е дека новинарите имаат право на свое мислење, став и вредносен суд, но не смеат сопственото мислење да го камуфлираат како факти. Мора да биде јасно разграничено што се факти и информации, а што коментар, претпоставка или став на авторот, за да се избегне дезинформирање и манипулирање со публиката.

Согласно наведеното Комисијата одлучи како во диспозитивот.

Во работата на Комисијата за жалби учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Сефер Тахири, Мери Јордановска, Теофил Блажевски и Филип Ѓурчиновски.

**Се обврзува Курир во согласност со членот 18 од Деловникот за работа на Комисијата за жалби, да ја објави одлуката на Комисијата за жалби.**

Со почит,
Совет за етика во Медиумите на Македонија

Претседател на Комисија за жалби
Мирче Адамчевски